# ИЗВЕШТАЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА 2022 ГОДИНА

Надзорниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје до 29.03.2022 година беше во состав:

-Милован Ранковиќ, претседател и член на НО:

-Горан Медиќ член на НО и

-Ана Радун Џуровиќ член на Надзорниот одбор

На седница на Собранието на акционери одржана на 29.03.2022 година Милован Ранковиќ беше разрешен од функцијата член и претседател на НО и на негово место за член на НО беше именуван Бојан Оро, а на седница на НО одржана на 07.04.2023 година за претседател на НО од редот на членовите беше именуван Гиран Медиќ.

Согласно горенаведеното Надзорниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје од 29.03.2022 година работеше во следниот состав:

-Горан Медиќ член на НО и претседател на НО:

-Ана Радун Џуровиќ член на НО и

-Бојан Оро член на НО.

Во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото Надзорниот одбор во 2022 година вршеше надзор над работењето на друштвото во текот на 2022 година, како и на работењето во тековната 2023 година.

Во 2022 година Друштвото продолжи со мерките за рационализација и штедење и при тоа оствари вкупен приход од 556.626.447,00 денари ,што е зголемување за 15% во однос на минатата година.

И покрај зголемената добивка друштвото се уште се соочува со проблем со ликвидноста поради повеќегодишното работење со загуби и огромниот долг спрема матичното друштво.

Во 2022 година произведени се вкупно 12.713.261 л сокови и 966.115 кг каши.

Од продажбата на готови производи остварен е приход од 523.300.327,00 денари.

Од продажба на материјали, полупроизводи и отпадна амбалажа остварен е приход од 6.062.201,00 денари.

Од други деловни приходи остварен е приход од 5.045.587,00 денари.

Финансиските приходи во 2022 година изнесуваат 1.501.243.00 денари.

Друштвото заклучно со 31.12.2022 година има остварено нето добивка од 41.415.058,00 денари што е зголемување од 45% во однос на минатата година.

Нето добивката ќе се искористи за покривање на загубите од минатите години.

Во 2022 година Надзорниот одбор одржа 4 седници на кои ги вршеше следниве активности:

-на седницата одржана на 30.03.2022 година донесе Одлука за награда во износ од 232.097.00 денари на Претседателот на Управниот одбор на Фруктал Мак поради неговото залагање во работата и постигнатите резултати на друШтвото.

-на седницата одржана на 07.04.2022 година донесе Одлука за именување на Горан Медиќ за Претседател на Надзорниот одбор, бидејќи на седница на собрание на Акционери одржано на 29.03.2022 година досегашниот член и претседател на НО Милован Ранковиќ беше разрешен.

-на седницата одржана на 29.04.2022 година го разгледа ги разгледа неревидираните финансиски извештаи за 2021 година и го разгледа и го прифати извештајот на Управниот одбор за работата на друштвото за 2021 година.

-на седницата одржана на 06.06.2022 година, а бидејќи овластениот ревизор не го достави ревизорскиот извештај пред да биде закажано годишното собрание на акционери кое мора да биде одржано најдоцна до 31.05.2021 година и со оглед на фактот што НО со доцнење го прими ревизорскиот извештај и ревидираните финансиски извештаи, НО истиот да го разгледа на оваа седница.

Надзорниот одбор на седницата одржана на 06.06.2022 година ги разгледа ревидираните финансиски извештаи за 2022 година и ревизорскиот извештај за 2022 година и заклучи дека ревизорскиот извештај и финансиските извештаи ја покажуваат реалната слика на финансиската состојба на ден 31.12.2022 година.

НО немаше забелешки на ревизорскиот извештај, па согласно тоа го потврди усвоеното од седницата одржана на 29.04.2022 година на која го прифати Извештајот на Управниот одбор за работењето на друштвото ФРУКТАЛ МАК АД Скопје за 2022 година со предложената содржина.

Надзорниот одбор на својата седница одржана на 24.04.2023 година ги разгледа неревидираните финансиски извештаи за 2022 година. Заклучи дека неревидираните финансиски извештаи ја покажуваат реалната слика на финансиската состојба на друштвото на ден 31.12.2022 година и го прифати извештајот на Управниот одбор за работата на друштвото за 2022 година со предложената содржина

Надзорен одбор:

Горан Медиќ________________

Ана Радун Цуровиќ__________

Бојан Оро__________________